Generated by Foxit PDF Creator © Foxit Software
http://www.foxitsoftware.com For evaluation only.

…Гласот полека се намалуваше а со тоа и ликот исчезнуваше.Со тага во душата и со насолзени очи заминуваше жената носејќи во себе нешто неизречено,нешто што ја притиска и пече.Од тој разговор таа повеќе не е иста,животот и се смени,насмевката ја замени со тага,животот и се засноваше во празниот поглед.Што ли ја повреди толку та толку да се измени?Кој ли беше виновникот за тоа?Илјадници прашања беа затрупани во нејзиниот молк,илјадници копнежи навираа…
Но таа…сама седеше на балконот крај куќичката и мируваше,занесена со погледот ги гледаше возовите,како донесуваат и однесуваат…како и животот.
Се приближи непознат човек кон неа…се обиде да и ја врати насмевката повторно,се обиде барем повторно да пронајде некој одговор во нејзините очи,настојуваше да ја оддели од тоа проклето столче за кое беше "залепена".Попусто.Попусто беа сите негови напори.
Ден по ден...минуваа дните,минуваа недели,месеци,но тагата на старицата не одминуваше.Тој ден за неа остави големи траги во нејзиниот живот.Се повеќе се чувствуваше неприсутноста нејзина.Ништо не беше поприсутно од нејзиното отсуство.Замре некогашниот сјај во неа,замре и искрата која ја одржуваше жива.Речиси никогаш не зборуваше,ретко ке изустеше некој збор...колку да ги размрди усните.
Еден ден,седејќи под полната месечина,зјапајќи во темнината...се наближи човекот,оној кој безуспешно се обидуваше да ја развесели.Од безбројните прашања кои испаѓаа од усните на човекот,старицата не одговори на ниту едно.По втор пат безуспешен обид,човекот го исправи своето изнемоштено тело,ја погали старицата и се сврте да замине.Подавајќи го првиот чекор,тој беше принуден да застане,поради зборовите на старицата:
-Кога ќе ти биде одземена причината поради која живееш,што уште ти преостанува?
Сега сфати.Ја сфати нејзината тага.Се сврте,се доближи до старицата и изусти: -Да се обидеш повторно да ја пронајдеш искрата,која некаде скриена во тебе тлее,чека да ја разгориш.
-Ја најдев- прошепоти старицата.Кога ги слушна овие зборови човекот се насмевна и замина,никогаш повеќе старицата не слушна збор за старецот...за нејзината повторно изгубена смисла за живот.

http://magii.blog.com.mk